Основна дејност на Националната Установа - Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп (во понатамошниот текст НУ Завод и Музеј - Прилеп) е заштитата на спомениците на културата и музејската дејност.

Заштитата на спомениците на културата се остварува преку:

- изработување на студии, елаборати, анализи и други материјали поврзани со заштитата на спомениците на културата;
- изработување на проекти за конзервација, реставрација, реконструкција и други облици на непосредна заштита на спомениците на културата;
- вештачења, надзор, ревизија и други работи од областа на заштитата на спомениците на културата;
- води регистри на спомениците на култура;
- води стручна евиденција и документација за спомениците на културата;

Од доменот на музејската дејност НУ Завод и Музеј - Прилеп:

- систематски истражува, собира, средува, стручно и научно обработува и проучува, конзервира, чува, објавува и презентира музејски материјал;
- организира постојани изложбени поставки, повремени подвижни изложби, предавања, семинари, курсеви и други видови на презентации заради подобро запознавање на граѓаните со музејските збирки;
- издава научни и стручни публикации, каталози, водичи и друг вид пропаганден материјал;

За 2010 година, НУ Завод и Музеј - Прилеп, пред Министерството за култура аплицираше со 48 проекти.

Во Програмата за финансирање на проекти од национален интерес, за финансирање беа прифатени 28 проекти. Реализирани се следните Проекти, распоредени по дејности:

I. ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО:

1. Елаборат за валоризација на куќата на Бектешовци.

Раководител на тимот за изработка на елаборатот: Васка Печијареска, диа, конзерватор советник.

Стручен кадар: Елена Ѓорѓиоска, диа, конзерватор.

Проектот се реализираше во периодот од 05.10. до 15.11.2010 г.

Корегираниот елаборат, според насоките на Управата за заштита на спомениците на културата, на оценување (во Управата) испратен е на 16.11.2010 г.

Одобрени средства: Бидејќи средствата од овој проект беа пренаменети за санација, (заради непредвидени оштетувања на зградата на НУ Завод и Музеј - Прилеп со Решение од Министерство за култура), проектот е реализиран со сопствени средства.

Со усвојувањето на Елаборатот од страна на Управата, овој споменик на културата ќе го добие статусот на регистриран споменик на културата, после што следува аплицирање до Министерството за култура за добивање средства за негова конзервација и реставрација. Овие зафати се неопходни поради состојбата во која се наоѓа овој споменик и неговата важност од аспект на заштита и зачувување на старата репрезентативна градска архитектура која сведочи за почетоците на урбанизацијата и градското живеење во Прилеп, од почетокот на 20 век по примерот на тогашните европски градови.

2. Редефинирање на Проектот од 2004 год. за Саат кулата во Прилеп, од страна на ИЗИИС.

Од страна на ИЗИИС - Скопје, извршено е редефинирање, односно изработен е Идеен проект за санација на Саат кулата - редефинирање на техничкото решение.

Проект координатор: Влатко Шешов, вон. професор, д-р

Консултант на проектот: Вероника Шендова, професор, д-р

Нумерички анализи: Кемал Едип, асистент, м-р, Јулијана Цветановска, асистент, м-р.

Одобрени средства: Министерството за Култура за овој проект во Програмата за 2010 г. одобри 180.000.оо ден. потрошени се 181.982.оо ден., а со решение преведени се 126.000.оо ден. Разликата од преведените средства по Решение и реализираните, очекуваме да биде разгледувана како пренесена обврска во 2011 година.

Со санацијата на Саат кулата во Прилеп, ќе се реши долгогодишниот проблем со тонењето и искривувањето на истата. Со проектот е предвидено Саат кулата да се стабилизира во положбата во која и денес се наоѓа без да се исправа по вертикала.

Со оглед на тоа дека и до сега Саат кулата беше интересна за домашните и странски туристи со својата местоположба (во центарот на старата чаршија од кој центар зракасто се распоредени уличките низ старата чаршија), таа е интересна и по тоа што е една година постара од Биг Бен во Лондон. Имено Саат кулата е изградена во 1858 година, за што странските и домашните туристи покажуваат особен интерес, кога ќе дознаат за овој податок. Воедно со санацијата во постоечката положба и Македонија ќе добие своја туристичка атракција - искривена кула. Тука треба да се додаде значењето на Саат кулата за самите прилепчани, за нив таа е центар на светот, место кое е длабоко врежано во колективното и поединечното сеќавање и емоции на секој прилепчанец, каде и да е.

3. Конзерваторски истражувања и изработка на проект за конзервација, реставрација и реконструкција на црквата св. Атанасиј, Варош, Прилеп

Раководител на тимот: Васка Печијареска, диа, конзерватор советник

Стручен кадар: Сузана Грибовска, диа, конзерватор; Сашо Бикоски, статичар

Одобрени средства: од Министерството за култура со Програмата за 2010 г. одобрени се 200.000.оо ден, со Решение за пренамена, одобрени се дополнителни средства во висина од 300.000.оо ден

Со Решение доделени се 140.000.оо ден. како прв дел од финансирањето. За истражувањата (според програмата за реализација на Проектот) потрошени се 166.480.оо ден.

Разликата од преведените средства по Решение и реализираните, очекуваме да биде разгледувана како пренесена обврска во 2011 година. Поради скратувања на средствата проектот остана во фазата на Идеен проект.

Со реализацијата на овој Проект, ќе се вообличи просторот во Варош како место на 100-те цркви, како што се нарекувал порано, бидејќи во непосредна близина се наоѓаат и црквите св. Никола, св. Петар и Павле, св. Димитрија, св. Арахангел Михаил и др.

4. Непосредна заштита на живописот на црквата св. Никола, с.Манастир, Мариово (втора фаза)

Раководител на тимот: Благоја Атанасоски, Историчар на уметност, конзерватор советник

Стручен кадар: Момчило Трајковски, академски графичар, виш конзерватор; Драган Верговски, сликар конзерватор, Михајло Ристески, Историчар на уметност.

Одобрени средства: 200.000.оо ден. од Министерството за култура, од кои преведени со решение се само 70% односно 140.000.оо ден.

Проектот е реализиран во периодот од 02.06. до 30.06.2010 г.

Во текот на оваа година се продолжи со конзервацијата на фрескоживописот во оваа црква, кој датира од 13 век.

И покрај тоа што проектот целосно не се реализира (поради скратување на средствата) сепак се изработи квалитетна техничка документација која компјутерски е обработена, што секако ќе биде од големо значење при дигитализацијата на живописот, црквата и целиот комплекс. Имено оваа година, целосно, компјутерски се обработени сите композиции од централниот брод и апсидата. Во делот на кабинетската работа врз овој проект спаѓа и компјутерската обработка на живописот од северниот и јужниот брод, како и сите видни површини со живопис.

Заштитата на фрескоживописот како и конзерваторските зафати врз архитектурата ќе го вратат сјајот на овој споменик на културата. Ќе ја потенцираат неговата улога и значење во животот на населението од тоа време, како и важноста што во овој крај ја имал низ вековите. Денес важноста на црквата и целиот комплекс се препознава низ се поголемата посетеност од странски и домашни туристи, но и враќање кон корените на религијата со создавањето на монашки центар токму во комплексот на оваа црква.

5. Елаборат за ревалоризација на споменикот на културата "Куќа на Кузман Јосифоски - Питу" во Прилеп

Раководител на тимот: Илија Ристески, диа, виш конзерватор

Стручен кадар: Елена Ѓорѓиевска, диа, конзерватор; Благоја Талески, историчар, кустос советник.

Одобрени средства: Со оглед на фактот што изработката на овој Елаборат била финансирана со програмата за валоризација односно ревалоризација на спомениците на културата 2005 - 2007 г., а истата не била направена, изготвувањето на овој елаборат се реализира од сопствени средства.

Изготвувањето на Елаборатот ќе овозможи реевидентирање на спомениците на култура во Р. Македонија, со што пак ќе се одреди точниот број на истите, бидејќи од првото евидентирање на спомениците на културата некаде од 50-тата до 60-тата година од минатиот век, голем број на споменици или го изгубиле со своите вредности својството на споменик на културата или пак воопшто не постојат.

6. Елаборат за ревалоризација на споменикот на културата "Меморијален музеј 11 Октомври 1941" во Прилеп

Раководител на тимот: Илија Ристески, диа, виш конзерватор

Стручен кадар: Елена Ѓорѓиевска, диа, конзерватор; Благоја Талески, историчар, кустос советник.

Одобрени средства: Со оглед на фактот што изработката на овој Елаборат била финансирана со програмата за валоризација односно ревалоризација на спомениците на културата 2005 - 2007 г., а истата не била направена, изготвувањето на овој елаборат се реализира од сопствени средства.

Изготвувањето на Елаборатот ќе овозможи реевидентирање на спомениците на култура во Р. Македонија, со што пак ќе се одреди точниот број на истите, бидејќи од првото евидентирање на спомениците на културата некаде од 50-тата до 60-тата година од минатиот век, голем број на споменици или го изгубиле со своите вредности својството на споменик на културата или пак воопшто не постојат.

7. Елаборат за валоризација на споменичка целина Крушево

Раководител на тимот: Васка Печијареска, диа, конзерватор советник

Стручен кадар: Сузана Грибовска, диа, конзерватор

Одобрени средства: Елаборатот е целосно финансиран со програмата од Министерството за култура за 2009 г. (90.000.оо ден), но поради корекциите според барањата на Управата за заштита на спомениците на културата, трошоците за истите во 2010 г. се покриени од сопствени средства.

Изготвувањето на Елаборатот ќе овозможи реевидентирање на спомениците на култура во Р. Македонија, со што пак ќе се одреди точниот број на истите, бидејќи од првото евидентирање на спомениците на културата некаде од 50-тата до 60-тата година од минатиот век, голем број на споменици или го изгубиле со своите вредности својството на споменик на културата или пак воопшто не постојат.

8. Елаборат за ревалоризација на споменикот на културата "Спомен дом на Блаже Конески" во с. Небрегово, прилепско

Раководител на тимот: Илија Ристески, диа, виш конзерватор

Стручен кадар: Сузана Грибовска, диа, конзерватор

Одобрени средства: Со оглед на фактот што изработката на овој Елаборат била финансирана со програмата за валоризација односно ревалоризација на спомениците на културата 2005 - 2007 г., а истата не била направена, изготвувањето на овој елаборат се реализира од сопствени средства.

Изготвувањето на Елаборатот ќе овозможи реевидентирање на спомениците на култура во Р. Македонија, со што пак ќе се одреди точниот број на истите, бидејќи од првото евидентирање на спомениците на културата некаде од 50-тата до 60-тата година од минатиот век, голем број на споменици или го изгубиле со своите вредности својството на споменик на културата или пак воопшто не постојат.

Во текот на 2010 година, поради добро познатите тешкотии од финансиска природа, во договор и со претходно добиена согласност од Министерството за култура, извршена е пренамена на средства за реализација на проекти од областа на заштитата.

1. Темелна реконструкција на јужниот конак во манастирот св. Никола, с. Манастир, Мариово

Раководител на тимот за изработка на проектот: Илија Ристески, диа, виш конзерватор

Стручен кадар: Елена Ѓорѓиоска, диа, конзерватор; Сузана Грибовска, диа, конзерватор.

Одобрени средства: По претходно добиена согласност од Министерството за култура, средствата кои според Програмата за 2010 г. беа одобрени за реализација на проектот: Непосредна заштита, реализација на конзерваторски проект-конструктивно зајакнување на темелите и козервација на архитектурата и реконструкција на тремот на црквата св. Никола, с. Манастир, Мариово, во висина од 5.000.000.оо ден. беа пренаменети за реализацијата на проектот.

Проектот беше реализиран во периодот од 01.05 до 30.06.2010 г.

Одобрената пренамена се реализира со договор бр. 03-3/11 од 20.12.2010 г.

Конзерваторските зафати врз архитектурата ќе го вратат сјајот на овој споменик на културата. Ќе ја потенцираат неговата улога и значење во животот на населението од тоа време, како и важноста што во овој крај ја имал низ вековите. Денес важноста на комплексот се препознава низ се поголемата посетеност од странски и домашни туристи, но и враќање кон корените на религијата со создавањето на монашки центар токму во комплексот на оваа црква.

2. Санација на покривот на депоата во НУ Завод и Музеј - Прилеп

Одобрени средства: По претходно добиена согласност од Министерството за култура, со 70% од средствата кои според Програмата за 2010 г. беа одобрени за реализација на проектите: Конзерваторски истражувања и изработка на проект за конзервација - Сакрални објекти од старото прилепско јадро - Варош (1 фаза), и непосредна заштита, реализација на конзерваторски проект-реконструкција на иконостасот на манастирот Трескавец, вкупно 225.000.оо ден. беа пренаменети за реализација на овој проект.

Со решение доделени се 155.000.оо ден. додека пак остатокот од средствата очекуваме да бидат разгледувани и прифатени као пренесена обврска во 2011 година.

Санацијата на покривот на депоата беше неопходна како дел од целокупната санација на депоата чии ѕидови се оштетија при уривањето на покривот-пролетта 2009 год. под тежината на снегот.

II. МУЗЕЈСКА ДЕЈНОСТ

1. Арехеолошки истражувања на локалитеот Баба, Прилеп

Раководител на проектот: Душко Темелкоски, археолог, виш кустос

Стручен кадар: Аце Миткоски, археолог, кустос советник, Габриела Христоска, археолог кустос, физички работници - 5.

Одобрени средства: Проектот е целосно финансиран со средства од Министерството за култура, а се реализира во периодот од 07.06 па се до 08.07.2010 г.

При овогодишните истражувања на локалитетот, за прв пат откриени се нумизматички наоди, кои во голема мера помогнаа за попрецизно датирање на хронологијата на културниот слој кој се истражуваше. Со новите сознаниа од истражувањата се потврди егзистирањето на локалитеот во неколку периоди: енеолитскиот, доцномакедонскиот (2.в.п.н.е.) римско царскиот период (4 век) и рановизантискиот (6 век).

2. Археолошки истражувања на тумул на локалитетот Сламите

Раководител на проектот: Аце Миткоски, археолог, кустос советник

Стручен кадар: Душко Темелкоски, археолог, виш кустос; Габриела Христоска, археолог, кустос, физички работници - 7.

Одобрени средства: Проектот е целосно финансиран со средства од Министерството за култура и реализиран во периодот од 20.09 до 22.10.2010 г.

Целосно се истражени сегментите 1 и 4 со гробовите 1,2,3, и 4 како и конструкцијата од камени плочи.

Овогодишните истражувања фрлаат нова светлина на сознанијата за погребувањето и погребните ритуали во железното време во просторот на Мариово. Особено е значајно тоа што на вака мал простор што го зафаќа тумулот, се јавува употреба на двата основни ритуали на погребување, кремирање и инхумирањето или скелетно погребување. Значајно е да се напомене и тоа дека, истиот овој простор од тумулот, се користел за погребување и во доцноантичкиот период.

3. Откуп на музејски предмети - Музеј за тутун, постојана поставка на Музејот за тутун, збирка експонати за уживање тутун

Раководител на проектот: Александар Цветкоски, виш кустос

Одобрени средства: Проектот е целосно финансиран со средства од Министерството за култура, се реализира во периодот од 20.05 до крајот на 2010 г.

Во долгогодишното постоење на Музејот за тутун за прв пат се одобрени средства за откуп на експонати. Со добиените средства откупени се 522 експонати кои ја збогатија збирката и ја направија уште поинтересна за се поголемиот број на посетители.

Интересот за оваа збирка на експонати, во градот на тутунот - Прилеп, подеднакво е голем како кај домашните така и кај странските посетители. Само оваа година поставката ја посетиле 1236 туристи, од кои 320 од Израел, 440 ученици, 82 студенти, 36 - поединечни странски посетители, 129 организирани посети од институции во градот и др.

Во текот на 2010 година, реализирани се и 3 проекти од Музејската дејност како пренесена обврска од 2009 година и тоа:

1. Музеите во училиштата или училиштата во музеите

Раководител на проектот: Александар Цветкоски, виш кустос

Одобрени средства: Проектот е целосно финансиран со средства од Министерството за култура, се реализира во 09 и 10 месец од 2010 г.

И оваа година, основната цел на проектот, која се состои во сензибилизација на школскиот персонал за социјалните обичаи, како и совладување на методологии за работа со децата во школскиот систем, исполнета е преку голем број на средби и координации со наставниците заради инструктажа, дообјаснување, креирање и корекција на перформанси, објаснување на методите и нивна директна примена во работата со децата. Сето ова е реализирано преку снимање на емисија чија цел е да ги мотивира децата, а исто така и граѓаните на Прилеп, како традициската култура - одгледувањето на тутун, да ја ја изполузуваат за осмислување и изработка на сувенири кои се базираат на тутунот. Емисијата е снимена со деца од две

основни училишта, во градот, а другото во село. Исто така, изработени се експонати - сувенири од тутун или други материјали во кои тутунот е мотив и инспирација и произлегуваат од традиционалната (народната) манипулација на тутунот. Оваа активност ќе послужи како иницијатива во изработка на сувенири, што покрај културна, може да има и економска димензија, бидејќи секако ваквите сувенири недостасуваат на домашниот пазар на сувенири.

Прилог: - ЦД од емисијата.

2. Прилеп низ стари фотографии

Раководител на проектот: Рубинчо Белчески, историчар, виш кустос

Одобрени средства: Проектот е целосно финансиран со средства од Министерството за култура, изложбата беше поставена во периодот од 02.12до 22.12.2010 г.

Во подготвувањето на овој проект, до отворањето на изложбата, извршени се голем број на интервјуа, со сопственици и наследниците сопствениците на фото студијата на авторите на фотографиите. Прибирани се информации за содржината на фотографиите од различни извори, архивот во Прилеп, градската библиотека и голем број постари прилепчани.

Изложбата предизвика огромен интерес кај публиката од сите генерации, не само на оние кои живеат во Прилеп, туку и на многуте прилепчани кои мигрирале во другите градови од Македонија и надвор од неа. Низ 30-те изложени фотографии, посетителите на изложбата имаа можност да се прошетаат по прилепските сокаци од почетокот на минатиот век и да отидат на места кои веќе ги нема. Се потсетија на своите детства, роднини, младешки денови, серенадите, седенките. Пред секоја фотографија посетителите останувааа најмалку по половина час за да си ги раскажат спомените зачинети со сеќавања за некоја случка.

Изложбата беше комплетирана со каталог кој во себе ги содржи сите податоци околу собирањето на фотографиите и самото изготвување на каталогот.

Прилог: Каталог: "Прилеп низ стари фотографии"







3. Изработка на ВЕБ страна на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп - http://www.muzejprilep.org.mk/

Раководител на проектот: Биљана Темелкоска, библиотекар

Одобрени средства: 25.000.оо ден. од Министерството за култура, од кои преведени со решение се само 70% односно 17.500.оо ден.

Во подготвувањето на овој проект, извршени се следниве активности:

- Припрема, дизајн и изработка на веб апликација - кориснички интерфејс;
- Изработка на веб апликација - администраторски интерфејс;
- Изработка на податочна база;
- Регистрација на домен / годишно;
- Закуп на серверски простор (500 MB, 30 е-маил адреси)/месечно.

Но со ова проектот не е завршен па остатокот од средствата планирани за дореализација на проектот во висина од 7500.оо ден., се исплатени со сопствени средства на НУ Завод и Музеј - Прилеп, за кои се извршени следниве активности:

- ажурирање на веб порталот;
- дополнување со нови содржини.

Преведените средства по Решение, очекуваме да бидат разгледувани како пренесена обврска во 2010 година.

III. Меѓународна соработка

Во рамките на меѓународната соработка реализиран е еден проект.

1. Изложба на Графички листови 18-19 век во Р. Хрватска

Раководител на проектот: Илија Велкоски, кустос советник

Одобрени средства: Проектот е целосно финансиран со средства од Министерството за култура, се реализира во септември и октомври 2010 год.

Изложбата на оваа значајна збирка на графички листови или икони, уште еднаш ја потенцираше вредноста на колекцијата од 200 икони, која ја поседува НУ Завод и Музеј - Прилеп.

Имајќи го во предвид скромното сочувано графичко наследство на "книжни икони" во Македонија, оваа збирка говори дека овој град и пелагонискиот регион живо комуницирале со Света Гора, Карловечката митрополија, Рилскиот манастир и православната диаспора во подунавските земји. Преку овие дела се

согледува патот на оваа популарна уметност во рамките на Балканот. Воедно се согледува нејзината улога како силно средство во одбраната на православието, ширењето на култовите на светителите и иконографските модели кои ќе станат предлошки за иконописот, живописот и применетата уметност.

Иконите, 33 од колекцијата, најпрво беа претставени на публиката во градот Ријека во познатата галерија Филодраматиче. Изложбата ја отвори Градоначалникот на Ријека, во присуство на генералниот конзул на Р. Македонија во Р. Хрватска и Почесниот конзул на Р. Хрватска во Македонија, како и Претседателот на Македонското друштво, и голем број на жители на Ријека и македонци од сите страни на Р. Хрватска. Оваа изложба доби значајно место во информирањето на жителите на Р. Хрватска низ сите електронски и пишани медиуми.

После изложбата во Ријека, експонатите беа поместени во свечената сала од замокот во градот Лудбрег. И во овој град изложбата предизвика голем интерес кај посетителите од градот Лудбрег но и од поширокаата околина, Вараждин и другите градови од вараждинската жупанија. Последниот ден на затворањето на изложбата присуствуваше и Амбасадорот на Р. Македонија во Р. Хрватска.

Со интересот што го предизвика оваа изложба во Р. Хрватска, уште еднаш се потврди вредноста на истата. Иако иконите не се изработени од македонски мајстори, сепак бројноста на експонатите зборува за уметноста и културната историја на овој град и Република Македонија.

Изложбата беше проследена со соодветен каталог на македонски и англиски јазик.

Прилог:
- Каталог: "Графички листови XVIII-XIX век од збирката на Музеј Прилеп;
- Catalogue: “Graphic prints XVIII-XIX cent. from the collection of Museum Prilep.





IV. Издавачка дејност

Во рамките на издавачка дејност реализиран е еден проект.

1. Изработка на ЦД - ром "50 години Музеј Прилеп"

Раководител на проектот: Биљана Темелкоска, библиотекар

Одобрени средства: Проектот е целосно финансиран со средства од Министерството за култура, во висина од 150.000.оо г. Реализирањето на проектот се одвиваше во период од 02-07 месец, 2010 год.

Во рамките на проектот извршени се следните активности: Фотографирање и обработка на фотографии и анимации за цд-ром издание, припрема на цд-ром апликација, вметнување на содржини (текст, фотографии, анимации) во цд-ром апликација; стручна дигитализација и компјутерска обработка; изработка на ЦД - ром "50 години Музеј Прилеп"; печатење на цд и опаковка за цд - ром "50 години Музеј Прилеп", исплата на авторски изведувачки надомест.

Преведените средства по Решение, очекуваме да бидат разгледувани како пренесена обврска во 2010 година.

Прилог: - ЦД - ром "50 години Музеј Прилеп".

V. Вонпрограмски активности

Во текот на 2010 година, согласно Законот за заштита на спомениците на културата, од страна на стручниот кадар во НУ Завод и Музеј - Прилеп направени се:

- 75 увиди и издадени еднаков број на одговори на барања за потребите на физички и правни лица;

средства: со оглед на тоа дека во програмата за финасирање од Министерството за култура, за овие активности не се предвидени средства, истите ги реализираме така што, екипите за увид, барателите со сопствен превоз, ги носат до самото место на увидот. На овој начин се постигнува правовремено задоволување на потребите на барателите и избегнување на трошоци од наша страна.

- 9 заштитно конзерваторски основи за поедини делови и урбани блокови во Прилеп и Крушево.

средства: доколку заштитно конзерваторските основи не се дел од програмата за финансирање од страна на Министерството за култура, изработката на истите ја финансираат барателите и тоа откако целосно ќе бидат завршени и откако целосно ќе се сумираат направените трошоци за изработка.

Директор
на НУ Завод и Музеј - Прилеп
Гордана Данилоска Спироска